Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ВЛАДАТА И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ЗА 2025 ГОДИНА

Скопје, март 2026 година

## 1. НАДЛЕЖНОСТИ И СОСТАВ НА СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ВЛАДАТА И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество е советодавно тело на Владата на Република Северна Македонија за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот општество. Формирањето на Советот во март 2018 година претставува највисоко ниво на учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики - партнерство меѓу Владата и граѓанските организации.

Согласно Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество[1], Советот е составен од 27 членови и заменици членови кои ги назначува Владата, од кои 13 членови и заменици членови се од редот на вработените во органите на државната управа: Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за односи меѓу заедниците, Министерство за европски прашања, Министерство за финансии; Министерство за економија и труд, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за локална самоуправа, Министерство за култура и туризам, Министерство за дигитална трансформација и Министерство за животна средина и просторно планирање, а 14 членови и заменици членови Владата ги назначува на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, преку јавен оглас, од следните области: развој на граѓанското општество, владеење на правото и борба против корупцијата, демократија, промоција и заштита на човековите права и добро владеење, ЕУ интеграции и политики, економски и одржлив развој, образование и младинско учество, социјална заштита и заштита на деца, заштита на маргинализираните лица, родова еднаквост, заштита на здравјето, земјоделство, рурален и рамномерен регионален развој, култура, медиуми и информатичко општество и заштита на животната средина. Членовите на Советот се назначуваат за период од три години, со право на уште еден избор[2].

Советот е надлежен да: ја следи и анализира јавната политика која влијае на околината во која се развива граѓанското општество; иницира донесување на нови или изменување и дополнување на постојните прописи за унапредување на правната и институционалната рамка за делување на организациите; дава мислење по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на делувањето на граѓанското општество; спроведува активности за подигање на свеста за промовирање на култура на соработка и партнерство; учествува во подготовката и го следи спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанското општество и Акцискиот план за спроведувањето на Стратегијата, преку разгледување на квартални извештаи за напредокот на спроведувањето на Стратегијата; дава мислење на годишно ниво за реализација на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанското општество; ја следи и анализира вклученоста на организациите во процесот на креирање на јавната политика преку доставените извештаи за спроведени консултации од страна на органите на државната управа и дава препораки за нејзино унапредување; дава предлози при планирањето на областите и специфичните приоритети за финансирање на активности на организациите од Буџетот на Република Северна Македонија, врз основа на елаборирана секторска анализа на надлежните органи на државната управа; ги разгледува годишните извештаи на Владата и органите на државната управа за финансираните програми и проекти на организациите и дава препораки; разгледува предлози поднесени од организации и зазема ставови по прашања поврзани со овозможувачка средина

[1] „Службен весник на РМ" бр.98/16 и 164/17 и „Службен весник на РСМ" бр. 97/19, бр.116/21 и бр.269/24

[2] Составот на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и присуството на членовите на седниците на Советот во текот на 2025 година се дадени во Прилог бр.2, што е составен дел на овој Извештај

за организациите; номинира претставници на граѓанското општество во советодавни и работни тела; усвојува годишен извештај за својата работа за претходната година, што го објавува на веб страната на Генералниот секретаријат - организациона единица за соработка со граѓанското општество и го доставува до Владата и јавноста за информирање.

## 2. ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ И РАЗГЛЕДАНИ МАТЕРИЈАЛИ ВО 2025 ГОДИНА

На 7.04.2025 година се одржа конститутивната седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, со што официјално започна мандатот на новиот состав. На седницата, по пат на јавно гласање, за претседател на Советот беше избрана Никица Кусиникова од Здружение Конект Скопје, а за заменик претседател Бојана Босилкова од Министерство за правда.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во текот на 2025 година одржа вкупно 7 седници, на кои беа разгледани актуелни прашања и јавни политики од значење за граѓанското општество. Дневниот ред, материјалите по одделни точки од дневниот ред како и записниците од сите одржани седници се објавени на веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата www.nvosorabotka.gov.mk во посебниот дел наменет за Советот.[3]

На 26.11.2025 година се одржа 6. седница на Советот, како дел од Националниот форум – Саем на граѓанските организации „Соработка на Владата и граѓанското општество“, во присуство на генералниот секретар на Владата, Игор Јанушев. Членовите на Советот дискутираа за актуелни прашања поврзани со овозможувачката околина за граѓанските организации (Законот за здруженија и фондации, државното финансирање на граѓанските организации, користењето на Единствениот национален електронски регистар на прописи ЕНЕР и др.). Националниот форум - Саем на граѓански организации „Соработка на Владата и граѓанското општество“, се организира во соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарската програма за поддршка на граѓанското општество Цивика мобилитас, која ја спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС). На свеченото отворање Претседателот на Владата Христијан Мицкоски ја пренесе визијата на Владата за граѓанскиот сектор како силен, независен, професионален и одржлив кој е вистински партнер во креирањето и реализацијата на државните политики, „сектор кој ја засилува демократијата, ги штити правата на граѓаните, ја следи работата на институциите и помага да се затвори јазот меѓу институциите и народот“. На настанот учествуваа 250 претставници на институциите и на граѓанските организации. Програмата вклучи дебати и дискусии на различни теми и тоа: образование и наука, социјална политика, демографија и млади, животна средина, здравство, дигитализација, добро владеење, локална самоуправа и овозможувачка околина, а во изложбениот дел се претставија 35 граѓански организации, најголем број од нив дигитално.

На седниците одржани во 2025 година, Советот расправаше по вкупно 35 точки од дневниот ред, разгледа 9 материјали (од кои 6 на предлог на членовите од граѓанските организации и 3 подготвени од Генералниот секретаријат-Одделение за соработка со невладини организации), достави 2 писмени мислења до Владата на Република Северна Македонија и номинираше 13 претставници на граѓански организации во советодавни и работни тела на Владата и органите на државна управа.

**Мислења на Советот доставени до Владата на Република Северна Македонија:**

- Позитивно мислење по Предлог-Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2025-2028. Според мислење на Советот, усвојувањето на овој стратешки документ ќе придонесе кон унапредување на правната рамка за дејствување на граѓанските

[3] https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk

организации и механизмите за соработка и структурирано учество во процесите на креирање и следење на јавните политики, како и кон подобрување на финансиската одржливост на граѓанските организации и околината во која се развива граѓанското општество, а Советот ќе го следи спроведувањето на Стратегијата и ќе се залага планираните мерки и активности да се спроведат во консултации и соработка со граѓанските организации. Владата на 90.седница, одржана на 8.07.2025 година ја усвои Стратегијата и го прифати Акцискиот план.

- Мислење по Предлог-одлука за условите за распределба и користење на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации на Министерството за односи меѓу заедниците, со предлог Владата да ја разгледа Предлог-одлуката по обезбедено мислење од Советот. Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката на 140.седница, одржана на 31.12.2025 година, поради потребата предлагачот да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии, како и да обезбеди мислење од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

**Материјали разгледани (подготвени) на предлог на членовите на Советот од редот на граѓанските организации:**

- Предлог-Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (Деловникот е донесен на 4. седница, одржана на 25.09.2025 година);
- Предлог-Програмата за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество 2025-2026 (Програмата е донесена на 4. седница, одржана на 25.09.2025 година);
- Извештај за учеството на претставници на Советот во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за програмски активности на здруженијата и фондациите на Буџетот на Министерството за односи меѓу заедниците, во својство на член и заменик член;
- Известување на Мрежата за заштита од дискриминација за институционален притисок и загрозување на безбедноста на граѓанскиот сектор;
- Иницијатива на ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје за отворање на дискусија во рамките на Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанското општество поврзана со сериозен регрес во легислативата за образование во нашата држава;
- Барање на ХЕМА-ОНКО Здружение на пациенти со рак и нивни негуватели за законски измени поврзани со тендерска постапка за набавка на лекови.

Подготовката и одржувањето на седниците, информирањето и консултирањето на засегнатите страни се спроведуваше согласно новиот Деловник за работа на Советот, а активностите и тематските прашања што Советот ги разгледуваше во 2025 година беа во согласност со Програмата за работа 2025-2026.

Заклучокот на Советот по повод Извештајот за учеството на претставници на Советот во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за програмски активности на здруженијата и фондациите на Буџетот на Министерството за односи меѓу заедниците, претставници на Советот во иднина да не бидат членови на оваа Комисија, беше имплементиран од Министерството при подготовка на актите за 2026 година.

**Материјали подготвени од Генералниот секретаријат-Одделение за соработка со невладини организации:**

- Предлог-Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2025-2028;
- Предлог-Пасоши на показатели за следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028;

- Извештај за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државна управа и единиците на локалната самоуправа во 2024 година.

**Реакции на членови на Советот на постапки за финансиска поддршка на граѓански организации од ресорни министерства**

- Реакција на Јавен повик за финансиска поддршка на здруженија и фондации бр.08-5725/3, објавен на веб-страницата на страна на Министерство за социјална политика, демографија и млади, на 4.08.2025 година, со рок за поднесување на пријави од 3 дена. По реакцијата на Советот, рокот беше продолжен до 2.09.2025 година;
- Реакција на Ранг листата на прифатливи барања, објавена на 3.07.2025 година на веб-страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање, по повод Конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година, објавен на 8.04.2025 година. По реакцијата на Советот дека две здруженија не го исполнуваат основниот критериум да се регистрирани најмалку една година пред објавување на огласот, Министерството објави Корегирана ранг листа на прифатливи барања.

## 3. УЧЕСТВО НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ И ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО СОВЕТОДАВНИ И РАБОТНИ ТЕЛА

**Номинирани претставници на граѓанското општество во советодавни и работни тела**

На барање на Владата и ресорните министерства, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, во постапка уредено со Глава V од Деловникот за работа на Советот, по објавени 3 јавни повици на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk номинираше 13 претставници на граѓански организации во 6 советодавни и работни тела[4]:

- 3 члена, претставници на граѓанскиот сектор во Национален совет за развој, на барање од Генералниот секретаријат на Влада на Република Северна Македонија;
- 1 член и 1 заменик член, претставници на граѓанскиот сектор во Меѓуресорско тело за координација на активностите против корупцијата, на барање на Министерство за правда;
- 2 члена, претставници на граѓанскиот сектор во Секторска работна група за локален и регионален развој, на барање на Министерство за локална самоуправа;
- 1 член и 1 заменик член, претставници на граѓанскиот сектор во Управен одбор на проектот „Поддршка на системот за обезбедување на квалитет на социјалните услуги“, на барање на Министерство за социјална политика, демографија и млади;
- 1 член, претставник на граѓански сектор во Секторска комисија за уметност, на барање на Министерство за образование и наука;
- 3 члена, претставници на граѓанскиот сектор во Работна група за подготовка на Нацрт Стратегија за транспарентност (2027-2029), на барање на Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење.

**Номинирани членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на граѓанските организации во работни тела на Собранието, Владата и органите на државна управа**

- На барање на Собрание на Република Северна Македонија, согласно член 12 став 7 алинеи 2 и 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за членови на Комисијата за селекција

[4] Листата на номинирани претставници на граѓански организации во советодавни и работни тела е содржана во Прилог бр.1, што е составен дел на овој Извештај

на кандидати се номинирани: Дарко Аврамовски, член на Советот во областа Владеење на правото и борба против корупцијата и Бардил Јашари, член на Советот во областа Медиуми и информатичко општество;
- На барање на Министерството за правда, во Работната група за изработка на измени и дополнувања на Законот за здруженија и фондации, се номинирани претседателката на Советот, Никица Кусиникова (член) и Емилија Ѓероска (заменик член);
- На барање на Министерството за односи меѓу заедниците во Комисијата за распределба на средства се номинирани: Валентина Величковска (член) и Андреј Сених (заменик член).

**Работни групи на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество**

Согласно член 29 и 30 од Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Советот, од својот состав формираше 4 работни групи:

- Постојана работна група за комуникации, која се формира за подготовка и следење на спроведувањето на комуникациската стратегија на Советот, во состав: Никица Кусиникова, Бојана Босилкова и Драгица Вучковиќ.
- Постојаната работна група за соработка со организации кои делуваат на локално ниво, која се формира заради идентификување на локални граѓански организации и прибирање повратни информации за нивните потреби, предизвици и приоритети и обезбедување редовен канал за локалните организации да учествуваат во подготовка и следење на национални стратегии и политики, во состав: Теа Зографска, Емилија Ѓероска, Моника Илиоска Кантарџиоска, Драгица Вучковиќ и Валентина Величковска,
- Работна група за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, во состав: Никица Кусиникова, Бојана Босилкова, Маја Атанасова, Александра Крстеска Ангеловска, Валентина Величковска, Зоран Димов и Моника Илиоска Кантарџиоска. Работната група одржа два состаноци во јули и 21.08.2025 година, а текстот на Нацрт-Деловникот за работа на Советот беше финализиран на работилница одржана на 3-4.09.2025 година во соработка со проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската унија.
- Работна група за трансформација на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите во хоризонтален правно обврзувачки акт**,** во состав: Валентина Величковска (координатор), Никица Кусиникова, Маја Атанасова, Моника Илиоска Кантарџиоска и Зоран Димов. Работната група одржа воведен online состанок на 29.12.2025 година, на кој учествуваа и претставници на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската унија.

## 4. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА, ИНФОРМИРАЊЕ, КОНСУЛТИРАЊЕ И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество има веб-страница, како дел од веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk на која се објавени општи податоци за Советот, дневниот ред, материјалите по одделните точки на дневниот ред и записниците од седниците и други податоци поврзани со организацијата и работата на Советот.

Членовите на Советот ги промовираа добрите практики и успешните инцијативи на граѓанските организации во јавноста, со цел поголема поддршка за нивната работа и учествуваа на јавни дебати и

работилници за подобрување на демократските процеси и јакнење на граѓанското учество во носењето одлуки.

Во текот на 2025 година, со поддршка на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската унија, се работеше на подготовка на Комуникациска стратегија на Советот. Проектот организираше и работилница за членовите на Советот, на која беше разгледан Нацрт-Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (3 и 4.09.2025 год., х. Холидеј ин, Скопје).

**Претставување на работата на Советот на јавни настани и средби со граѓански организации**

- Претседателката на Советот, Никица Кусиникова и Валентина Величковска ја промовираа работата на Советот на Средбата за вмрежување на Цивика мобилитас, одржана 25-27.06.2025 година во Гевгелија, со учество на 80 претставници од граѓански организации;
- Валентина Величковска, Емилиа Ѓероска, Драгица Вучковиќ и Моника Илиоска Кантарџиоска ја презентираа Програмата за работа на Советот 2025-2026 на Отворениот ден со граѓанските организации и активистите од Пелагонискиот регион, со фокус на работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, неговите надлежности, составот и неговата улогата како советодавно тело на Владата, одржан на 29.10.2025 година во Битола, со поддршка на проектот „ЕУ поддршка на Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2", финансиран од Европската унија;
- Валентина Величковска ја претстави работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и Програмата за работа на Советот за 2026 година на Регионалната дебата со граѓанските организации од Источниот регион, одржана на 1.12.2025 година во Делчево, со поддршка на проектот „ЕУ поддршка на Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2", финансиран од Европската унија.

**Информирање на граѓанските организации за работата на Советот**

- Преку маилинг листата на Граѓанскиот ресурсен центар беа споделени информации поврзани со Јавниот повик за избор на 14 членови и заменици членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (29.01.2025), како и информации за гласање за пријавените кандидати за избор на членови на Советот (13.02.2025 и 20.02.2025). Овие активности имаа за цел да ги поттикнат граѓанските организации активно да се пријават за членство во Советот и да се вклучат во процесот на гласање, со што се придонесе кон зголемена транспарентност, инклузивност и легитимност на процесот на избор на новите членови на Советот од редот на граѓанските организации. Маилинг листата од над 9000 активни адреси на претставници на граѓанските организации се користеше за редовно дистрибуирање информации поврзани со работата, заклучоците и можностите за вклучување во активностите на Советот;
- Во Билтен бр. 22 - Граѓаните за промена (јули-септември 2025 год.), изработен во рамки на програмата на Македонскиот центар за меѓународна соработка МЦМС – Цивика Мобилитас, објавена е сторија за работата на Советот „Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја усвои Програмата за работа 2025–2026";
- Македонското здруженија на млади правници Скопје оформи меилинг листа на граѓански организации во областа Демократија, промоција и заштита на човековите права и добро владеење, до која испрати појдовна комуникација со информации за изборот на член и заменик член во оваа област и основни информации за надлежностите на Советот, дистрибуираше информација за донесената Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план

2025-2025 и за објавениот Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2026 година;

- Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, искористувајќи ги постоечките платформи за соработка и мрежи на граѓански организации, редовно ги информираа организациите за клучните дискусии и заклучоци од седниците на Советот преку неформални консултативни средби и настани и подготви Извештај со преглед на активностите на Советот во 2025 година, со посебен фокус на прашањата од значење за евроинтегративниот процес, со цел навремено информирање и вклучување на секторот во креирањето на политиките.
- Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ - Заедно посилни Скопје и ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје утврди список на организации кои работат на полето на заштита на здравјето со повеќе од 40 електронски адреси, до кои испратија пројдовна комуникација со информации за изборот на член и заменик член во оваа област, основни информации за Советот, неговиот мандат и улога и информации за конститутивната седница. На 10.04.2025 година одржан е појдовен координативен состанок, на кој се претставени приоритетните прашања и продолжено е со редовна електронска комуникација во која организациите се информирани за закажаните и одржаните седници на Советот, дневните редови, записниците и други важни информации (на пр. информации за повикот за финансиска поддршка на граѓански организации од Министерството за односи меѓу заедниците и сл.);
- Преку учество на конференции и јавни дебати од областа на екологијата, членот на Советот од Здружението за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола ја промовираше работата на Советот пред граѓански организации во оваа област.
- Здружението Конект Скопје ја координира Мрежата за финансиска одржливост на граѓанските организации која што брои 128 членки од Република Северна Македонија со различни мисии и големина. Кон мејлинг листата на мрежата се додадени и други организации што делуваат во областа на економски и одржлив развој. Од формирањето на Советот квартално споделува информација и се консултира со 270 претставници на граѓански организации за прашањата што беа предмет на разгледување во Советот вклучително и: предлози за годишната програма за работа на Советот, државното финансирање на граѓанските организации, Предлог-законот за здруженија и фондации и процесот на негова подготовка, други закони релевантни за граѓанските организации, како Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, Законот за социјално претприемништво итн. Исто така редовно се споделуваа повиците за избор на претставници на граѓански организации во работни тела, информации за јавни консултации и информативни сесии и сл. Сите добиени предлози се споделуваа за време на седниците на Советот или се проследуваа до релевантните институции (како на пр. коментарите на Предлог-законот за здруженија и фондации).

## 5. АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКА И СТРУЧНА ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ

Административно-техничките работи на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ги врши Генералниот секретаријат на Владата – Одделение за соработка со невладини организации, кое: ја спроведува постапката за избор на претседател и заменик на претседателот на Советот; му помага на претседателот на Советот во подготвувањето и организирањето на седниците на Советот; ги подготвува записниците од седниците на Советот; подготвува годишен извештај за работа на Советот за претходната година; одржува електронска база на податоци за работата на Советот, ги објавува дневниот ред, материјалите и записниците од седниците на Советот на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk; се грижи за стручно-организационите прашања на Советот и работните тела на Советот, како и за унапредување на работата на Советот; се грижи за обезбедување финансиски средства за спроведување

на активностите од годишната програма и видливост на работата на Советот и му помага на претседателот на Советот во спроведувањето на Деловникот за работа на Советот.

Согласно заклучоците од дебатата „Зајакнување на соработката меѓу Владата и граѓанското општество" одржана на 4.9.2024 година во Граѓанскиот ресурсен центар во Скопје и консултативниот процес со граѓанските организации што Генералниот секретаријат-Одделение за соработка со невладини организации го спроведе во периодот 15.10 -1.11.2024 година, во соработка со проектите финансирани од Европската Унија: „ЕУ поддршка на Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2" и „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" (консултативни средби во Скопје, Гостивар и Битола), Владата на седницата одржана на 24.12.2024 година донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Со оваа одлука се намали бројот на членови на Советот од 31 на 27 и се воведоа заменици членови на Советот, во интерес на поголема оперативност и ефикасност во работата на ова тело. Со цел да се обезбеди поголема транспарентност и отчетност на членовите на Советот кон граѓанските организации што ги претставуваат, се предвиде обврска за членовите на Советот од редот на организациите да ги информираат, консултираат и вклучуваат засегнатите страни во областа што ја претставуваат за работата и заклучоците на Советот и да подготвуваат годишен извештај за спроведување на планот за координација и комуникација со организациите во областа што ја претставуваат.

Во јануари 2025 година Генералниот секретаријат на Владата започна постапка за избор на членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. На 20.01.2025 година, на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk беше објавен јавен повик за избор на 14 членови и заменици членови на Советот од редот на граѓанските организации, а во периодот 23-28.01.2025 година Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, со поддршка на горенаведените проекти, организираше 4 информативни сесии во Скопје, Гостивар, Битола и Радовиш, за информирање на граѓанските организации за објавениот јавен повик и поттикнување на учество во процесот на избор на нови членови на Советот.

Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата подготви Нацрт-Деловник за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, како основа за дискусија на Работната група на Советот. На барање на Советот, на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk објави три јавни повици и спроведе административна проверка на пристигнатите пријави:

- Јавен повик за избор на претставници на здруженија и фондации во советодавни и работни тела на Владата и органите на државна управа (14-25.04.2025 год.)
- Јавен повик за учество на еден претставник на граѓанското општество во Секторската комисија за уметност (13-27.05.2025 год.)
- Јавен повик за избор на претставници на здруженија и фондации во Работната група за подготвување на Нацрт-Стратегијата за транспарентност 2027–2029 (29.09 – 13.10.2025 год.)

Во периодот 13.1.2026 - 30.1.2026 година, Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата спроведе online анкета преку Прашалник за мерење на вредноста на показателите од Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028, во 2025 година, дистрибуиран до сите граѓански организации со статус „активен" (вкупно 9314) според Отворените податоци на Централниот регистар на Република Северна Македонија. Согласно одговорите на 249 граѓански организации, само 36.14% од граѓанските организации го препознаваат Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество како релевантно тело за

соработка и влијание во креирање на политики за развој на граѓанското општество и само 22,09% сметаат дека Советот во 2025 година донесуваше одлуки и креираше политики базирани на консултации со граѓанските организации, што упатува на потребата за организирање на повеќе промотивни активности во текот на 2026 година.

## 6. ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦИТЕ И УЧЕСТВУВО ВО РАБОТАТА НА СОВЕТОТ

Согласно Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и Деловникот за работа на Советот, членовите на Советот имаат право и должност да присуствуваат на седниците и да учествуваат во работата на Советот, а членувањето во Советот престанува поради отсуство на членот и заменик членот од три последователни седници, во постапка утврдена со Деловникот за работа на Советот.

Според евиденцијата на присуство на седниците што ја води Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, констатирано е често отсуство на дел од членовите и замениците членови на Советот од редот на вработените во органите на државната управа, и тоа: отсуство од сите 7 седници на претставниците на Министерството за здравство, отсуство од 6 седници на претставниците на Министерството за локална самоуправа, од 5 седници на претставниците на Министерството за образование и наука, од 4 седници на претставниците на Министерството за финансии и од 3 седници на претставниците на Министерството за животна средина и просторно планирање. Кај дел од членовите и замениците членови на Советот од редот на граѓанските организации евидентирано е отсуство од една до две седници во текот на 2025 година, со исклучок на претставниците на граѓанските организации во областа Родова еднаквост и Земјоделство, рурален и рамномерен регионален развој, каде е евидентирано отсуство од 3 седници, кои не се последователни.

Во текот на декември 2025 година, Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата организираше средби со членови на Советот од ресорните министерства, а на 8. седница одржана на 27.1.2026 година, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество констатираше престанок на членување во Советот на членот и заменикот член од Министерството за здравство. Во февруари 2026 година, Министерството за здравство и Министерството за животна средина и просторно планирање до Владата доставија номинација на нов член и заменик член во Советот.

## 7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Во 2025 година, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество имаше интензивен и динамичен период на одржување на седниците. И покрај одредбата од Деловникот за неговата работа, дека седниците се одржуваат најмалку еднаш на секои три месеци, во периодот април – декември Советот одржа 7 седници, односно по една седница месечно, со исклучок во периодот јули-август 2025 година. Советот донесе нов Деловник за неговата работа и Програма за работа 2025-2026 година, а на седниците разгледуваше актуелни прашања и јавни политики од значење за граѓанското општество, како што е Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество со Акциски план 2025-2028. Воедно, Советот придонесе кон поголема застапеност на граѓанските организации во советодавните и работните тела на Владата и органите на државната управа, преку номинирање на 13 претставници, во транспарентна постапка по објавен јавен повик на www.nvosorabotka.gov.mk.

Во интерес на доследно спроведување на надлежностите утврдени со Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Советот препорачува:

- ✓ Предлозите на закони, стратегии и програми кои што се однесуваат или влијаат на развојот и делувањето на граѓанските организации или содржат области и приоритети за финансиска поддршка на граѓанските организации, ресорните министерства да ги доставуваат на мислење до Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, пред нивното доставување до Владата на Република Северна Македонија, за разгледување и утврдување, односно донесување.

- ✓ Членовите или замениците членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество редовно да присуствуваат на седниците и да учествуваат во работата на Советот. Членовите на Советот од редот на вработените во органите на државната управа да ги информираат и консултираат Кабинетот на министерот, државниот секретар и релевантните сектори во министерството за работата и заклучоците на Советот кои се однесуваат на институцијата што ја претставуваат, а членовите на Советот од редот на организациите да ги информираат, консултираат и вклучуваат засегнатите страни во областа што ја претставуваат, за работата и заклучоците на Советот.

Прилог 1:

| НОМИНИРАНИ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОВЕТОДАВНИ И РАБОТНИ ТЕЛА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Орган на државна управа | Советодавно / Работно тело | Член | Граѓанска организација | Заменик член | Граѓанска организација | Датум на седница на Советот |
| Генерален секретаријат | Национален совет за развој | Лилјана Јоноски | Здружение Рурална коалиција Кичево | / | / | 8.5.2025 |
| | | Миланчо Арсовски | Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет на општините Велес, Градско и Чашка, Мобилност Велес | / | / | 8.5.2025 |
| | | Валентина Дисоска | Здружение на бизнис жени Скопје | / | / | 8.5.2025 |
| Министерство за правда | Меѓуресорско тело за координација на активностите против корупцијата | Миша Поповиќ | Институтот за демократија Социетас Цивилис Скопје | Благоја Пандовски | Здружение Транспаренси Интернешнл-Скопје | 8.5.2025 |
| Министерство за локална самоуправа | Секторска работна група за локален и регионален развој | Борис Шарковски | Фондација за развој на локалната заедница Штип | / | / | 8.5.2025 |
| | | Емилија Ѓероска | Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола | / | / | 8.5.2025 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Министерство за социјална политика, демографија и млади | Управен одбор на проектот „Поддршка на системот за обезбедување на квалитет на социјалните услуги“ | Тони Станковски | Здружение на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност Скопје | Емилија Мијалова | Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби | 8.5.2025 |
| Министерство за образование и наука | Секторска комисија за уметност | Јана Манева Чупоска | Здружение за афирмација на ликовните уметници и ликовниот живот и збогатување на ликовната култура ДЛУМ – Друштво на ликовни уметници на Македонија-Скопје | / | / | 18.6.2025 |
| Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење | Работна група за подготовка на Стратегија за транспарентност (2027-2029) | Данче Даниловска -Бајдевска | Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје | / | / | 28.10.2025 |
| | | Герман Филков | Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје | / | / | 28.10.2025 |
| | | Милева Ѓуровска | Европско движење во Република Северна Македонија | / | / | 28.10.2025 |

Прилог 2:

СОСТАВ НА СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ВЛАДАТА И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ПРИСУСТВОТО НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕДНИЦИТЕ НА СОВЕТОТ ВО ТЕКОТ НА 2025 ГОДИНА

| Решение за назначување членови и заменици членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество бр.18-2987/2 од 18.03.2025 година |
|---|
| Членови и заменици членови од редот на органите на државна управа |
| Лидија Најдова-Нинeвска (член) и Гоце Стоиловски (заменик член), Министерство за внатрешни работи, |
| Бојана Босилкова (член) и Александра Цветановска (заменик член), Министерство за правда, |
| Суеда Бајрами (член) и Егзона Локи (заменик член), Министерство за односи меѓу заедниците, |
| Даница Насова Иванова (член) и Флутура Лазами (заменик член), Министерство за европски прашања, |
| Ангелина Јакимовска (член) и Оливера Маркоска Ивановски (заменик член), Министерство за финансии, |
| Елизабета Поп-Ангелова (член) и Бети Попова (заменик член), Министерство за економија и труд, |
| Бесник Бајрами (член) и Јелена Арсова (заменик член), Министерство за здравство, |
| Весна Виќњевиќ (член) и Александра Анчева (заменик член), Министерство за образование и наука, |
| Шпреса Саиди (член) и Александра Крстеска Ангеловска (заменик член), Министерство за социјална политика, демографија и млади, |
| Стефан Вангелски (член) и Александра Куновска (заменик член), Министерство за локална самоуправа, |
| Снежана Ристовска (член) и Ирина Димовска (заменик член), Министерство за култура и туризам, |
| Оливера Јакшиќ Транталовска (член) и Марјан Патлиџанковски (заменик член), Министерство за дигитална трансформација, |
| Лендита Дика (член) и Мисрете Едипи (заменик член), Министерство за животна средина и просторно планирање, |
| Членови и заменици членови од редот на граѓанските организации |
| Валентина Величковска (член) и Дарко Димов (заменик член), Македонски центар за меѓународна соработка Скопје, област Развој на граѓанското општество, |
| Дарко Аврамовски (член) и Лејла Тутиќ (заменик член), Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење" Скопје, област Владеење на правото и борба против корупцијата, |
| Маја Атанасова (член) и Бојана Божиновска Силјановска (заменик член), Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје, област Демократија, промоција и заштита на човековите права и добро владеење, |
| Симонида Кацарска (член) и Беба Жагар (заменик член), Институт за европска политика Скопје, област ЕУ интеграции и политики, |
| Никица Кусиникова (член) и Виктор Мирчевски (заменик член), Здружение Конект Скопје, област Економски и одржлив развој, |
| Моника Илиоска Кантарџиоска (член) и Томислав Гајтаноски (заменик член), Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп, област Образование и младинско учество, |
| Сузана Стојановска (член) и Ирена Лозана (заменик член), Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје, област Социјална заштита и заштита на деца, |

| |
|---|
| Теа Зографска (член) и Мартина Станковиќ (заменик член), Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје, област Родова еднаквост, |
| Елизабета Божиноска (член), ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје и Андреј Сених (заменик член), Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ-Заедно посилни, Скопје, област Заштита на здравјето, |
| Емилиа Ѓероска (член) и Рубин Николоски (заменик член), Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола, област Земјоделство, рурален и рамномерен регионален развој, |
| Зоран Димов (член), Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија- ЗРДИЦМ Скопје и Ахмет Јашаровски (заменик член), Центар за ромска заедница ДРОМ Куманово, област Култура, |
| Бардил Јашари (член) и Данче Даниловска Бајдевска (заменик член), Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје, област Медиуми и информатичко општество, |
| Драгица Вучковиќ (член) и Милорад Вучковиќ (заменик член), Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола, област Заштита на животната средина. |
| Решение за назначување член и заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество бр.18-2987/4 од 6.05.2025 |
| Асиб Зекир (член) и Мартина Иљаз (заменик член) од Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ-Скопје, област Заштита на маргинализираните лица, |
| Решение за разрешување и назначување заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество бр.18-6828/2 од 8.07.2025 |
| се разрешува Флутура Лазами, а се назначува Марија Николовска Ѓорѓиев (заменик член), Министерство за европски прашања |

| Евиденција на присуство на седниците на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во 2025 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Член и земеник член | Министерство / Граѓанска организација | 1<br>7.04 | 2<br>8.05 | 3<br>18.06 | 4<br>25.09 | 5<br>28.10 | 6<br>26.11 | 7<br>22.12 |
| Лидија Најдова-Ниневска<br>Гоце Стоиловски | Министерство за внатрешни работи | да | да | да | да | да | да | да |
| Бојана Босилкова<br>Александра Цветановска | Министерство за правда | да | да | да | да | да | да | да |
| Суеда Бајрами<br>Егзона Локи | Министерство за односи меѓу заедниците | да | да | да | да | да | да | да |
| Даница Насова Иванова<br>Марија Николовска Ѓорѓиев | Министерство за европски прашања | да | да | да | да | да | не | да |
| Ангелина Јакимовска<br>Оливера Маркоска Ивановски | Министерство за финансии | да | да | не | не | не | не | да |
| Елизабета Поп-Ангелова<br>Бети Попова | Министерство за економија и труд | да | да | да | да | не | да | не |
| Бесник Бајрами<br>Јелена Арсова | Министерство за здравство | не | не | не | не | не | не | не |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Весна Виѓњевиќ<br>Александра Анчева | Министерство за образование и наука | да | да | не | не | не | не | не |
| Шпреса Саиди<br>Александра Крстеска Ангеловска | Министерство за социјална политика, демографија и млади | да | да | не | да | не | не | да |
| Стефан Вангелски<br>Александра Куновска | Министерство за локална самоуправа | не | не | не | да | не | не | не |
| Снежана Ристовска<br>Ирина Димовска | Министерство за култура и туризам | да | да | да | да | да | не | да |
| Оливера Јакшиќ Транталовска<br>Марјан Патлиџанковски | Министерство за дигитална трансформација | не | да | да | да | да | да | да |
| Лендита Дика<br>Мисрете Едипи | Министерство за животна средина и просторно планирање | не | да | не | да | не | не | не |
| Валентина ВеличковскаДарко Димов | Македонски центар за меѓународна соработка Скопје | да | да | да | да | да | да | да |
| Дарко Аврамовски<br>Лејла Тутиќ | Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ Скопје | да | да | да | да | не | да | да |
| Маја Атанасова<br>Бојана Божиновска Силјановска | Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје | да | да | да | да | не | да | да |
| Симонида Кацарска<br>Беба Жагар | Институт за европска политика Скопје | да | да | не | да | да | да | да |
| Никица Кусиникова<br>Виктор Мирчевски | Здружение Конект Скопје | да | да | да | да | да | не | да |
| Моника Илиоска Кантарџиоска<br>Томислав Гајтаноски | Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп | да | да | да | не | не | да | да |
| Сузана Стојановска<br>Ирена Лозана | Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје | да | да | да | да | не | да | да |
| Асиб Зекир<br>Мартина Иљаз | Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ-Скопје | / | / | да | да | не | не | да |
| Теа Зографска<br>Мартина Станковиќ | Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје | да | да | не | да | да | не | не |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Елизабета Божиноска Андреј Сених | ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ-Заедно посилни, Скопје | да | да | да | да | да | да | да |
| Емилиа Ѓероска Рубин Николоски | Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола | да | не | не | да | да | да | не |
| Зоран Димов Ахмет Јашаровски | Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија-ЗРДИЦМ СкопјеЦентар за ромска заедница ДРОМ Куманово | да | да | да | да | да | да | да |
| Бардил Јашари Данче Даниловска Бајдевска | Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје | да | да | не | да | да | да | да |
| Драгица Вучковиќ Милорад Вучковиќ | Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола | да | не | да | да | да | да | да |